

# Програми на активности

## Програмите на активности имаат за цел да им помогнат на постарите лица и на луѓето со попречености да останат здрави и активни преку ангажирање во интересни, општествени и забавни активности.

### Програмите на активности пружаат можности:

- И натаму да уживате во поранешни хоби активности и да испробате нови
- Да сретнете нови пријатели и откриете нови интересирања
- Да ги одржувате активни вашето тело и ум
- Да останете информирани за здравствените и службите во заедницата.

Програмите на активности исто така може да им обезбедат починка (respite) на негувателите.

Merri Community Health Services одржува повеќе од 25 различни програми на активности неделно. Некои активности се одржуваат во нашите центри, а други се базирани во заедницата.

### Активности се одржуваат во:

- Ilma Lever Gardens, Coburg
- 5D Cromwell Street, Glenroy
- 382 - 386 Moreland Road, Brunswick West
- Во заедницата
- Во службите за поддржано домување (Supported Residential Services)

Бидејќи се на располагање низа активности, треба да има некоја што одговара на вашите потреби и интересирања. Активностите се одржуваат од 9.30 наутро до 3 попладне, од понеделник до петок.

За повеќето активности нашите приспособени автобуси може да обезбедат превоз до и од активноста. А нашиот извонреден готвач обезбедува задоволување на сите ваши потреби околу исхраната, па можете да уживате во вкусен и свежо подготвен оброк.

### Избор на програма на активности и вклучување во неа

Водачот на тимот (team leader ) на програмата на активности ќе испита заедно со вас кои активности најмногу одговараат на вашите потреби и интересирања. Понекогаш учеството во нова група може да обесхрабрува. Ако се чувствувате несигурни или нерешителни дали да се вклучите, водачот на тимот може да ви пружи поддршка додека не почувствувате самодоверба да останете во програмата.

### Кој може да ги користи овие услуги?

- Упати за програми на активности може да поднесат поединци (самоупатување), негуватели, здравствени професионалци вклучувајќи ги докторите и други даватели на услуги.
- Вие може да се вклучите во некоја од нашите групи ако сте со кревко здравје, имате попреченост (disability) или ви е тешко самостојно да учествувате во други активности или клубови.

### Колку тоа чини?

Цените на програмите на активности обично не се повисоки од 12 долари по сесија. Кога телефонирате за повеќе информации, ве молиме прашајте за цената на конкретната програма.

### За натамошни информации и состаноци:

- Телефонирајте на Приемната служба (Service Access) на (03) 9388 9933

Објавено во август 2010
За повеќе информации или ако ви треба состанок, јавете се на Merri Community Health Services.

Merri Community Health Services

www.mchs.org.au